Гане ТОДОРОВСКИ

# ПРИЛОЗИ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## I. Димитар Ризов и Ѓорче Петров

### 1.

Во животот на Ѓорчета Петров, личноста на Димитар Ризов (1863—1918) игра важна улога. Самиот Ѓорче Петров, во своите **Спомени**[1]) повеќепати се задржува на него, доведувајќи го во врска со одредени влијанија, врски, расправи, меѓусебни препирки и разиідувања, та сè до отворена нетрпеливост и конфликти.

Да се проследи повнимателно нивната меѓусебна врска, од годините на младувањето, до годините на зрелите политички акции и плодни реализирања на полето од публицистиката, значи да се завлезе системно во пошироката проблематика на формирањето на македонското револуционерно движење од крајот на минатиот век; да се проследат јавните и задкулисни игри околу одбраната и подривањето на тоа движење, околу настојувањата да се сочува чистотата на самоникнатото движење на народните македонски маси за отпор против поробувачот и обидите на бугарскиот двор да ги потчини под свое туторство водачите на тоа движење, за да може да диригира со него, подредувајќи го на целите и интересите на својата политика. Ризов е оличување на тенденцијата за туѓа интервенција во самостојноста на македонското револуционерно дело, Петров е синоним на одбраната на независноста на тоа дело. Во основата на нивниот остар личен конфликт, од крајот на минатиот век, треба да се препознае политичко-идеолошки спор во еден поширок контекст, кога посегањата на бугарската Егзархија (како панбугарска национално-пропагандна институција)

---

[1] *Спомени* на Ѓорчо Петров. Соопштува Л. Милетич. Софија 1927, с. 184. Книга VIII од Материјали за историјата на македонското ослободително движење, што ги издаваше Македонскиот научен институт до Софија. Второто издание на Спомените на Ѓорче Петров излегува во Скопје 1950, во издание на Научниот институт за национална историја на македонскиот народ, во превод на Илија Слаштанец а со предговор од Ѓорги Абаџиев (I—IX)+165 стр.

и царскиот двор (како врвна државно-политичка институција) во дејствувањето на ВМОРО (како единствена легитимна политичко-национална организација на македонскиот народ) беа повеќе од наметливи и зачестени. Се случи така, што Ризов, ставајќи ѝ се отворено во услуга на бугарската национална кауза, всушност да игра подолго време мошне перфидна и сложена улога на дириЖиран подривач на македонското револуционерно дело, и во таа своја камуфлирана диверзија првпат да биде демаскиран и јавно критикуван од страна на Ѓорчета Петров.

2.

Во македонската историографија малку внимание му е посветено на прашањето за односите Ризов — Ѓ. Петров, иако тие наметнуваат серија отворени прашања а самиот Ѓ. Петров, во своите **Спомени** поначесто ги иницира и подвлекува. Задачата на овој прилог ќе биде: да се разјаснат со помош на расположивите податоци (мемоарски и архивски) односите на овие двајца истакнати личности, во однос на македонското револуционерно дело, за да се извлечат од тие занимливи релации некои заклучоци за карактерот на македонското национално опстојување и за обидите на соседните државно-политички интервенции во самостојноста на македонското револуционерно движење.

Откако ќе ја напушти за постојано Македонија, каде што е роден и каде живее сѐ до својата осумнаесетта година, „човекот со стоте мненија" (како што ќе го нарече Ризова Димитар Благоев) некаде кон почетокот на деветтата деценија на минатиот век се настанува во Бугарија, каде најпрвин настои да се афирмира како публицист и редактор на весници а подоцна и како дипломат. Во сеќавањата на Ѓорчета Петров, Ризов е осмислен како иницијатор на повеќе културно-просветни потфати во Македонија. Врсник или во најмала рака помлад од него за една до две години, Ѓорче гледа во амбициозниот заможен битолчанец човек од акција и инвенција, човек со општествен авторитет. Бездруго, тој авторитет на Ризов се должел во почетокот на моќта на парата, зашто младиот сопственик на неколку трговски локали и почесен драгоманин на руското конзулство во Битола, инаку школуван во франкофонска Европа (Белгија, Швајцарија) по потекло е од доста богато македонско семејство на доселени во Битола тиквешани. Кога на Божиќ 1881 година, на пат од Софија за Битола, Ризов се одбива во Прилеп, во очите на шеснаесетгодишниот Ѓорче тој „игра веќе видна општествена улога, не само во Битола, ами и во цела Македонија". Ѓорче бележи дека „тој беше веќе авторитет по егзархиските работи, по општинските и политичките работи во Битола преку руското конзулство". Врските на Ризов се насочени по линијата на Егзархијата. Со високиот функционер на Егзархијата, прилепчанецот Методи Кусев тој престојувал повеќе-

пати во Цариград за да се залага за отворање нови бугарски училишта во Македонија. Потоа, доаѓа на идеи такви училишта да се отвораат и од страна на договори помеѓу бугарската и турската влада. Ѓорче подвлекува во своите Спомени дека „Ризов беше издејствувал средства од бугарската влада за да се отвори преку неа класно училиште во Битола“. Всушност, неговото поминување низ Прилеп, на Божиќ 1881 е врзано со отворањето на тоа училиште во Битола. При тој повод, тој донел од Бугарија четиримина учители а бидејќи во Битола немало доволно ученици за втори клас, Ризов ѝ предложил на прилепската општина да ги убедат татковците на учениците од последниот клас на прилепското училиште, меѓу нив и Ѓорчета Петров, да појдат в Битола. Тогаш Ѓорче заминува за Битола и една година учи во споменатото новоотворено бугарско училиште. Меѓутоа, откако следната година и во Прилеп, благодарение на залагањата на Методи Кусев, ќе се отвори класно училиште, тој се враќа во родниот град, каде го учи третиот клас, додека во Солун го завршува четвртиот клас. Она што е важно овдека за нас е дека Ѓорче битолското училиште постојано го наречува во своите Спомени „Ризово училиште“ или „ризовско“. И понатаму, сеќавајќи се на ученичките денови поминати во Солун, тој ќе напише дека „Танев, Ризов и Китанчев беа божества за нас“. Откако, малку подоцна, исклучен од гимназијата во Солун заради антиегзархиски бунт, заминува во Пловдив и таму се вклучува во некакви револуционерни кружоци, пак, како сеќавање на тие денови забележува дека „Идеалите — авторитетите, ѕвездите ни беа Захари Стојанов и Димитар Ризов“. Имено тогаш Ризов, заедно со Паница и Захари Стојанов се зафаќаат за формирање на македонски друштва во Источна Румелија и Бугарија, со центри во Пловдив, Русе, Софија и други градови. Меѓу нив Ризов, во очите на Ѓорчета е најактивен, најиницијативен.

Првите спомнувања на Ризова во сеќавањето на Ѓорчета се движат очигледно низ резонот на младинец што се подготвува својот живот да му го посвети на народот во неговата борба за слобода. Ризов проблеснува во почетокот на тој тежок револуционерен пат на идниот идеолог на македонското револуционерно движење како своевидно интелектуално љубопитство кон една попројавена и поиздигната личност. Таа е восхит кон личност што го освоила со своите вонредни интелектуални квалитети. И уште: изразено е задоволство што македонската интелигенција располага со иницијативни личности. Подоцна, кога Ѓорчета логиката на револуционерната борба ќе го формира како бескомпромисен борец и идеолог на самостојноста во македонското приближување до слободата, сукобот со Ризов ќе биде неизбежен. Во постапките на овој „дипломат“ не само по професија, туку и по природа, Ѓорче ќе препознае одроден и раскоренет Македонец, итер и вешт тактичар што игра на многу карти, егоист и користољубив човек, деструктивец и хипокрит, којшто на македонското ослободително

дело зад грб ќе му задава тешки и опасни удари. Подоцна, откако ќе помине неколку години помеѓу 1883—1890 како либерален публицист и поборник за македонски интерес во редовите на македонската емиграција во Бугарија, Ризов ќе ѝ се стави на располагање на бугарската дипломатска служба (како конзул и полномоштен министер) и како нејзин верен службеник ќе остане сѐ до својата смрт.

Кога во Солун, кон крајот на 1893 година бидува формирана Внатрешната македонска револуционерна организација, со првонамерата да се поведе вооружена борба против петвековниот турски поробувач за извојување на одземените права на слободен живот, тој податок како да ги штрекна највеќе бугарските управувачи (Дворот, Егзархијата) заради повеќе моменти. Дворот, т.е. официјалните кругови на тогашна Бугарија сфатија дека Македонија зачекорува по сопствен пат, дека прогресивните кругови на македонското општество градат визија на слободата преку потпирање на сопствените сили и — веднаш се обидоа да го компромитираат револуционерното движење, да му парираат (со формирање на Врховниот комитет во Софија) или да инфилтрираат свои луѓе во редовите на Централниот комитет, за да ги преземат командните позиции во организацијата. Во сите овие обиди на Дворот и владата на Бугарија за потчинување на раководството на ВМОРО или присилување (убедување) на послушност, Димитар Ризов игра мошне комплицирана улога на посредник и преговорник. Резонот пак на Егзархијата, како бугарска црковно-просветна институција, која што во рамките на турската држава делува легално, сосема е поинаков. Егзархијата, држејќи монопол на црквите и училиштата во Турција (што буквално значи во сета Македонија) виде во новоформираната револуционерна организација на македонскиот народ опасна пречка на своето постоење, затоа што таа прва се најде на удар: самостојноста на Македонија не претпоставаше постоење на вакви и слични антимакедонски институции. Оттука Егзархијата јавно се залагаше за пацификација на Македонија, за „културно-просветна преродба“ на македонскиот народ преку бугарски училишта. Ризов ја потпомагаше и оваа политика на Егзархијата.

## 3.

Ѓорче Петров подизлегува на јавен конфликт со Ризова откако ќе стане задграничен претставник на ВМОРО (всушност: осмислувач на надворешната политика на Македонската револуционерна организација) и кога ќе отпочне да го уредува весникот „Бунтовник“. Пред тоа, тој заедно со Гоцета Делчев го напишува Уставот на ВМОРО, во којшто принципите на македонската револуција јасно се оцртани.

Во Софија, кон почетокот на 1895 година е формиран Врховниот комитет на македонските политички организации во Бугарија, како пандан на ВМОРО; како обид да му се одземат компетенциите на Централниот комитет на ВМОРО (со седиште во Солун), да го претставува македонскиот народ, како обид да се претвори македонската револуционерна организација во милосрдно здружение на дарители и морални помагачи и поткрепувачи. Резонот на овој потег е: да му се сугерира на македонскиот народ дека Бугарија ќе го ослободи, кога ќе дојде време. Во таа цел и во Солун, пак со посредништво на луѓе блиски до Ризова (солунскиот книжар Коне Самарџиев, прилепчанец по потекло) е формирано „Братството" 1898 година. Проповедите на луѓето што го претставуваа „Братството" беа следните: „Бугарија ќе нè ослободи и од Бугарија да чекаме сè. Ние треба само да се готвиме. Пушки да не се купуваат и да не се внесуваат, зашто кога ќе потребат, Бугарија ќе ги даде. Револуционерност да не се пројавува низ дејствија, туку само во морална подготовка".[2])

Ѓорче е огорчен на ваквите резони. Уште повеќе, кога генералот Николаев во Софија отворено ќе му рече дека не верува во способноста на македонското население да се бори и да дига револуција! Тогаш во Софија тој се среќава со Димитар Ризов (сеќавајќи се, за жал, дека на времето дури и го „боготворил"!). Гоце Делчев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров се главната мета на софиските управувачи. Тие треба да се придобијат. Ризов тука настои да посредува. Мошне итро, мошне пресметано: го убедува Ѓорчета дека Врховниот комитет треба да биде центар на ослободителното дело, дека тие (Гоце Делчев, Дамјан Груев и тој) треба да останат во Бугарија во анонимност и да контактираат со дворските и владини кругови исклучиво преку него и Андреја Љапчев, до колку сакаат да си обезбедат потребен авторитет пред бугарската влада и пред европската дипломатија. Јасно беше дека калкулациите на Ризов се да извлече сопствена полза од сето тоа, да ја позлати својата посредничка мисија со доверба на Дворот и бугарската Влада. Меѓутоа, Ѓорче Петров умее веќе да ги толкува смислените потези на Ризов:

„Јас бев напротив длабоко уверен оти овој песимизам према нас е неоправдан, бидејќи имав длабока, силна, фанатична верба, оти ние сме го избрале најправиот пат, оти инаку не може да се постапи. Јасно беше за мене, оти секоја противречност со нив беше излишна — тие не можеа да гледаат инаку, тоа беше надвор од нивните претстави а само верував оти со времето тие ќе прогледаат и ќе дојдат до увереност оти не јас и другарите сме биле наивни детишта по оваа работа, ами оти тие биле деца, кои што во своето безобѕирно тврдоглавство и во својот егоизам не сакаа да ги разберат нашите јасни, убедителни доводи."[3])

---

[2] в. Спомени... второ издание, стр. 29—30, и стр. 38.

[3] в. Спомени... второ издание, стр. 44.

Суштината на разијдувањето меѓу Ѓорчета Петров и Ризов ќе се открие подоцна, кога ќе се сфатат и протолкуваат задкулисните махинации на Ризов. Сепак, уште при првите средби со него во Софија, летото 1896 година (тогаш се среќава и со Љапчев, генерал Николаев и Т. Карајовов) има смисла да сфати дека во нивно лице има луѓе против себе:

„И така, ние се уверивме дека тука во Софија имаме луѓе против себе, кои имаа веќе нарав и традиција на македонствујушти, како Ризов, луѓе авторитетни, како генералот Николаев и Ковачев, и — ќе се бориме со една идеја веќе восприемана тука од сите а имено: емиграцијата во Кнежевството (т.е. тогашна Бугарија — Г. Т.) може да го раководи ослободителното дело. Јас и моите другари не можевме да им противставиме ништо друго освен својата верба во праведноста на своето дело и верба оти треба само да работиме и да го чекаме денот, кога ќе се уверат сите, ќе ја разберат вистината сите".[4])

Ризов, од човек што мисли највеќе на сопствената полза, прераснува постепено во бескрупулозен демагог (не попусто Димитар Благоев го наречува „човекот со стоте мненија") кој заради својата дипломатска кариера и повисок материјален статус во животот игра долго време дволична улога, обидувајќи се да му служи на бугарскиот двор за сметка на својот некогашен авторитет меѓу македонската емиграција во Бугарија и меѓу младите македонски интелектуалци, сега веќе водачи на ВМОРО, меѓу кои, неговото пријателство со Дамјан Груев ќе биде долго време нерасклатено.

4.

Конфликтот на Ѓорче Петров со Ризов, чии зачетоци ги препознаваме уште кон 1896-та година, секако дека кулминира нешто подоцна: во 1898-та година. За ова постојат повеќе причини. Сепак, да ги проследиме внимателно основните укажувања за тој конфликт:

— Во своите Спомени, Ѓорче Петров пред сè дава до знаење дека Димитар Ризов уште во 1896 година се пројавува како перфиден разбивач на македонската организација. Од писмата до Ризов, односно од писмата на Ризов до неколку влијателни личности во Бугарија, како и од повеќе дописки во тогашната македонска периодика во Софија, можеме да извлечеме убедливи докази за интригантските обиди на Ризов и за неговите пакосни планови против македонското револуционерно дело;[5])

---

[4] в. Спомени. . . второ издание, стр. 44.

[5] БИА (Български исторически архив), Софија, фонд№ 178 (Д. Ризов); *Балкан*, седмичен весник, Софија 1883; *Автономија*, орган на политичките интереси на македонското население во Турција, Софија 1898; *Новини*, Цариград 1898, ред. Д. Х. Брзицов;

— Во своите написи (во весникот „Бунтовник“ од 1898,[6]) потоа во „Право“ од 1902[7]) Ѓорче Петров отворено пишува против Ризов, разобличувајќи го сосема јавно како деструктивен елемент и хипокрит;

— Во литературата што се однесува до овој период (особено кај Крум Христов: Гоце Делчев,[8]) кај Иван Мештровиќ: Спомени,[9])

---

[6] *Бунтовник*, Софија 1898 и 1899 г. За ова види го мојот прилог: „Весникот 'Бунтовник' на Ѓорче Петров како идеолошка подготовка на илинденскиот револуционерен чин", Скопје 1970, одделен отпечаток од зборникот „Илинден 1903", издава Институтот за национална историја, стр. 163—173.

[7] *Право*, год. II (1902), бр. 20 и 21 (28 и 29) од 7 јули 1902: „Македонското ослободително дело на бугарска почва", пишува Ѓорче Петров. Оваа статија потоа објавена е посебно и како брошура, истата година во Софија. Овдека Ѓорче Петров го напаѓа јавно Димитра Ризов со следните зборови: „Еден долгогодишен ратник за идеалот, вчера да проповедува револуција а денес да му ја бакнува раката на Султанот и да си ги кити градите со негов нишан; едновремено да биде пријател и со рускиот цар и со Султанот и со Књазот Бугарски и со. . . . со револуционерите внатре во Македонија, и на крајот да мисли и верува дека тој е најполезниот човек на идеалот!".

[8] Крум Христов: Гоце Делчев, Софија 1955, стр. 304. Издава: Националниот совет на Отечествениот фронт на Бугарија. Второто издание на оваа убава книга се појавува на македонски јазик во 1959 година, во издание на македонската политичка емиграција од Егејска Македонија, во едицијата „Политички и литературни изданија", стр. 422.

[9] Иван Мештровиќ: Спомени за политичките луѓе и настани. Издава Матица Хрватска, Загреб 1969 стр. 392. Овде на страните 25—27 Мештровиќ зборува за своето познанство со Димитар Ризов во Рим 1912 година и изнесува мошне значајни податоци за него. Еве неколку поинтересни извадоци од овие мемоари:

„Uoči Prvog balkanskog rata došao je za bugarskog poslanika u Rim Dimitrije Rizov. On nije bio nikakav obožavatelj cara Ferdinanda, ali se govorilo, da su mislili da je za Rim zgodan ne samo zato što su ga držali za jačeg čovjeka, nego i zato što mu je žena bila Crnogorka i u nekom srodstvu sa italijanskom kraljicom. Uz to žena mu je bila neobično lijepa i poznavala je jezike, kao pitomica nekog ruskog instituta. U Rimu sam se s Rizovim upoznao. Dolazio je k meni u atelier i tu i tamo me pozivao u kuću. Govorio je uvijek hrvatski, čak i u kući sa ženom i dijecom, pa sam vidio da drugim Bugarima to nije bilo pravo, kad su bili prisutni. Taj „hrvatski" je bio s vrlo izrazitim makedonskim naglaskom. Možda mu je takav bio i „bugarski", što ja nisam mogao prosuditi, a, uostalom, ja sam se sasvim dobro mogao sporazumijeti i s Bugarima, koji nisu znali nego samo bugarski, a isto su tako i oni mene dobro razumijevali, kad sam govorio hrvatski. Rizov je bio jugoslavenski orijentiran, iako sam razumio da je on tu nekakvu eventualnu jugoslavenski zajednicu zamišljao tako, da bi Bugarska u njoj bila nekako ono što je Prusija u Njemačkoj. U medenim mjesecima uspešnog početka rata protiv Turaka govorio je kao uvjereni Jugoslaven. Meni je, kao Hrvatu, objašnjavao pravo stanje stvari u Makedoniji i govorio, kako je šteta što se prva slavenska slobodna država nije stvorila u Makedoniji, koja bi u zajednicu jednako privlačila Bugare i Srbe i bila kopča a ne razdor, izmedju Srba i Bugara. *Pripovijedao mi je, kako Makedonci, govoreći objektivnu istinu, nisu ni Bugari ni Srbi, nego makedonski Slaveni, koji govore svojim, posebnim makedonskim jezikom* ili narečjem." (Ivan Meštrović, Uspomene na političke ljude i dogadjaje. Zagreb 1969, str. 39). Подвлеченото во текстот е мое—Г.Тод.

Иван Мештровиќ подвлекува и на други места во својот текст дека Димитар Ризов се осеќал како македонски Словен. Меѓутоа, тоа тој го говорел во дипломатските кулоари, а никаде јавно! Сепак, ова е уште еден доказ за неговата пословична превртливост. Кај Мештровиќ читаме дека Ризов велел како Македонците повеќе се врзувале кон Бугарите поради поуспешната бугарска пропаганда и поширокоградното примање на Македонците во Бугарија. Така го изнесувал својот личен пример, како и на многумина други. „Нашиот свет — велел Ризов — бил само Македонски христијанин, потоа станал, кога почнала грчката пропаганда, Македонски христијанин Словен. Нам ни било сосема сеедно која христијанска држава ќе ни поможе да се ослободиме од

кај Иван Хаџи Николов: Записките,[10]) и др.) аргументирано и со мошне изворни податоци се зборува за деструктивната улога на Димитар Ризов во однос на македонското револуционерно движење.

Врз основа на овие **три извори на податоци**, во претежниот дел **некористени во нашата историографија**, ќе се обидам да фрлам светлина врз односното прашање.

---

Турците. Јас сум родум од Битола. Во Битола имало неколку гимназии: турска, грчка, српска и бугарска. Нам, на Словените, ни беше сеедно во која словенска гимназија ќе одиме. Јас, на пример, со многумина свои другари, кои подоцна станаа Бугари, ја посетував српската гимназија. Добивавме стипендија, како би можеле в градот да живееме и учиме. Вистина е дека професорите во гимназијата ни зборуваа како сме Срби, како и на оние во бугарската гимназија, дека се Бугари, но ние во себе си мислевме, а тоа и дома ни го зборуваа: сеедно, нека прикажуваат тие, но *ние сме си македонски Словени христијани*". Подвлеченото е од мене — Г. Тод.

Вредноста на овие искажувања веројатно треба да ја сфатат и синовите и внуците на оние на кои Димитар Ризов им служеше, а особено овој пасус од Мемоарите на Мештровиќ:

„Desilo se je — rekao je Rizov — da iza šestog razreda, poslije ferija, nismo dobili stipendiju. Podjemo ja i jedan drug u Beograd, da izvidimo i uredimo, Čekaj, čekaj, ali ne možeš ništa urediti. Jedan drug nam reče da su Bugari ponudili, da će nam od odmah dati stipendiju, ako podjemo u bugarsku gimnaziju. Mi onda stali vijećati, šta nam je raditi i konačno smo zaključili, da primimo, opravdajući: Kristijani i slaveni i Srbi, a Kristijani i Slaveni i Bugari, nama je svejedno tko će nam dati i tko će Makedoniju osloboditi od Turaka. Kada smo završili gimnaziju, pošli smo u Sofiju na Višu školu, razumije se sa stipendijom. Mi govorimo: makedonski Sloveni a oni kažu: Bugari! I tako se mi privikli. Eto, tako sam ja postao Bugarin. Baš kao Kosta Stojanović i toliko drugi Makedonci u Beogradu — Srbi"— završio mi je Rizov, objašnjavajući da je njih, Makedonce, sve više vukao u Bugarsku njihov realistički instikt, da je više vjerojatnosti da će im Bugari pomoći da se oslolode od Turaka, nego Srbi". (pak tamu, str. 26).

[10] Иван Хаџи Николов: Записки. Се чуваат во ракопис во Софија, во Архивот на Сојузот на македонските културно-просветни друштва во Бугарија. Дел од овие мемоари е објавен од страна на Христо Шалдев во списанието „Илустрација Илинден", Софија 1936, год. VIII, бр. 9 (79), стр. 7—9, и во бројот 6 на истово списание. Овдека, во наведениот број 9, стр. 8, Иван Хаџи Николов говори за Димитар Ризов и за неговото посредување со ВМРО на сметка на бугарската влада. Еве што ни раскажува Иван Хаџи Николов:

„Недостигот на пари нѐ натера да се однесеме до Врховниот комитет да ја потпомогне Организацијата. Ѓорче Петров, меѓутоа, ни соопшти, дека, додека во тој комитет стојат на чело сегашните му членови Димитар Ризов и Андреј Љапчев и др., не може да се очекува никаква помош.‟ и потаму —

„Разговорите ни траеја неколку денови. За тоа време Д. Ризов неколку пати ме покани да се сретнеме и да поговориме по организациони прашања. Му ветив, дека откако си ја свршам приватната работа, по која сум дошол во Софија, ќе се сретнеме. Кога отидов во неговиот стан, на висок глас ми рече: 'Толку дена сте тука и не најдовте време да се сретнеме и да размениме мисли по нашите прашања. Вие нѐ игнорирате, вие не навредувате и сл. А ние секој ден и секој час ве очекуваме да позборуваме што ќе правиме со престоечкиот конгрес'. Му одговорив, дека по ова прашање треба да зборува со Ѓорчета Петров, којшто е задграничен претставител на Централниот комитет.

— Ние не сакаме да имаме работа со Ѓ. Петров. Ние не сме во добри односи со него. Со нестрпливост чекавме да стигне некој од вас, солунчани, и да се разбереме.

— Ние пак од Солун не можеме да се мешаме во вашите работи тука. Зборувајте со Ѓорче Петров. Што ќе направите со него, ќе прифатиме.

— Тогаш ништо нема да стане.

Се разделивме, без да стигнеме до некакво споразумение".

Овој пасус, само по себе доволно раскажува за состојбата во односите меѓу

5.

Во својата позната статија „За потеклото на револуционерното движење во Македонија“,[11]) Петар Поп Арсов мошне нужно укажа на еден факт. Имено, тој подвлече дека „Македонската емиграција во своето огромно мнозинство, секогаш го сметала македонското прашање за чисто бугарско и затоа со своето мешање само му пакостела. Се ползувале од него само одделни водачи, коишто по тој начин добиваа патент за широк бугарски патриотизам (Македонија е тесна за нивните амбиции! — П. п. Арсов), та полесно станувaа: министри, дипломати, генерали, журналисти, па дури и претприемачи, трговци и друго“.

Не е важно дали Поп-Арсов мислел, кога го пишувал ова и на Димитар Ризов, меѓутоа, точно е дека последниов е токму еден од поистакнатите луѓе од таквата фела. За да се види колку е точно ова мое тврдење, ќе приведам само неколку податоци од личната архива на Димитар Ризов, од кои можат да се согледаат неговите постапки.

Наоѓајќи се во текот на 1897 година како конзуларен службеник на Бугарија во Скопје (т.е. Књажески трговски агент) тој уште во својот прв рапорт (Скопје, 10 јуни 1897) на тринаесет странички широко ја информира бугарската Влада за тоа како се сретнал со егзархот во Цариград, како во Солун се видел со раководни лица на ВМРО, дека се видел со австрискиот, рускиот и српскиот конзул во Скопје, дека се запознал со валијата и — само по пет дена откако е дојден во овој град — предлага: Македонската револуционерна организација да се бори само на национална почва, т.е. со Србите и Грците![12])

---

Ризов и Ѓ. Петров. Таа состојба не категорична меѓусебна нетрпеливост резултира од она што во софиските весници се водеше како непомирлива меѓусебна престрелка меѓу нив и значеше над се: јавна дисквалификација.

[11] Петар Поп Арсов: Потеклото на револуционерното движење во Македонија и првите стапки на солунскиот „Комитет за придобивање политичките права на Македонија, што ѝ беа дадени од Берлинскиот договор”, види: *Билтен* на привременото претставителство на обединетата бивша внатрешна македонска организација, бр. 8, стр. 2, од 19 јули 1919, Софија.

Во оваа статија, Поп Арсов, покрај мислите што ги изнесува во цитираниот пасус во статијава, наведува неколку мисли кои се мошне карактеристични и блиски до неговите ставови изнесени многу порано: т. е. уште во неговата расправа „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставители” (Виена 1894). Тој пишува: „Првите стапки на солунскиот комитет беа вонредно тешки и крајно претпазливи, самиот назив му го покажува тоа — ќе се бара нешто, за кое се согласиле големите сили, се согласила и Турција, но не го дала, затоа што не било посакано. Меѓутоа: агитацијата не можеше да отпочне веднаш на широко — пред да се преземат сите претпазни мерки, не против турските власти (немаше потреба) а по однос на Егзархијата, која од национално убедување се имаше престорена во чисто бирократски оддел на софиското надворешно министерство, — подсладен со калуѓерштина и лишен од секаква предвидливост, жизненост и творечка работа”.

[12] БИА, фонд 178, инв. бр. 8214—8249: Скопски рапорти на Д. Ризов од 1897/1898 год. Види бр. II 8214, Књажеско трговско агенство од Скопје, бр. 41, од 10. VI. 1897 Поверително. Овој рапорт Ризов го праќа петтиот ден откако е дојден во Скопје. Ризов раскажува како во Скопје се видел со валијата, со австрискиот, рускиот и српски

Ова е директен атак на веќе донесениот Устав на ВМРО, составен од Гоце Делчев и Ѓорче Петров, за кој лично Ризов знаел, а во кој Устав се дава мошне широка платформа на борба против поробувачот. Имено, во Уставот на тогашната ВМОРО (или: ТМОРО — Устав на Тајната македоно-одринска револуционерна организација — Г. Т.) дословно се вели дека Организацијата „има за цел да ги сплоти во една целина сите недоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија на тие две области" (член 1) и дека за постигнувањето на таа цел „Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и национални расправи, кои го цепат и обессилуваат македонското и одринско население во неговата борба против општиот непријател; дејствува за внесување на општиот дух и сознание меѓу населението и ги употребува сите средства и усилби за поскорешното и навремено вооружување на населението со неопходното за едно општо и заедничко востание" (член 2). Она што Гоце и Ѓорче го втиснуваат како јасен белег во новиот Устав на ВМОРО, тоа е што револуционерната организација станува многунационална и си поставува за цел извојување на потполна политичка автономија, со широки слободи и права за сите народности во Македонија. Ризов тоа многу добро го знае, а сепак, дојден во Скопје, за да ја извести бугарската Влада за положбата во Македонија, нуди неприфатливи решенија? Меѓутоа, нејасната постапка постепено ќе си добива свое логичко разјаснување.

Тогашен претседател на министерскиот совет на Бугарија е Константин Стоилов, еден од попознатите идеолози на бугарската буржоазија. За него е речено дека уште 1883 година изнел пред јавноста знаменит пророчки пасус: „Во Македонија ќе се одигра последниот чин на бугарската драма", сметајќи се себеси бездруго за режисер (или: еден од режисерите) на таа драма. Стоилов го застапува мислењето дека должноста на Бугарија е да стане Пиемонт. Населението на Македонија да се убеди дека единствен негов покровител е Кнежевството Бугарија, дека во Софија се грижат за неговата судбина. И — тој, Стоилов, ја формулира (веќе со помошта на Ризов) програмата за постигнувањето на таа цел: 1. Да се закрепне мрежата на бугарската просвета во Македонија; 2. Да се формира добро организирана мрежа, која да ја држи бугарската Влада во тек со работите во Македонија. Таа мрежа всушност треба да биде една илегална организација во Македонија, која во одреден момент, на заповед од Софија, неодложно да ја стави во дејство сета Македонија; и 3. Да се поврзат бугарските железници со македонските. За исполнувањето на овие задачи Стоилов препорачува најблиска соработка со Егзархијата.

конзул а во Солун, на поминување се сретнал со лица од Македонската револуционерна организација.

Ако се проследат повнимателно сите овие меропријатија на Стоилов, брзо ќе се препознае зад нив лично Димитар Ризов, чии тези за придобивањето на Македонија, изнесувани и во јавноста делумно, а делумно сервирани до Дворот и Владата во Софија, се идентични.

Во текот на втората половина на 1897 година, Ризов од Скопје, му ги испраќа на Стоилов своите извештаи (како књажески трговски агент) сугерирајќи му на бугарскиот министер-претседател и мошне умислени мерки за парализа на самостојното македонско револуционерно движење.

Ризов тврди дека српската пропаганда во Скопскиот вилает постои во вилнеечки облик, заборавајќи при тоа дека во тој вилает (кој впрочем се наречувал Косовски или Скопско-косовски) опфаќал повеќе краишта од денешната Јужна Србија и сето Косово со Метохија, кадешто живееле доста Срби, и дека кон Скопје гравитирале како постојан прилив на население отсекогаш луѓе од тие краишта!

Ризов му предлага на Стоилов, во својот рапорт од Скопје пишуван на 28 септември 1897 година: да се отворат клонови на бугарската народна банка во Солун, Битола и Скопје, Бугарите да се однесуваат кон Македонија со разумна љубов и — да се сврзе Македонија со Бугарија преку железнички патишта, објаснувајќи ги политичките, економските и стратешките предности на тој потфат. Овој свој предлог, подоцна (во 1902) тој ќе го развие во својата брошура: „Каква треба да биде нашата политика кон Македонија“.[13])

Во одговорот на ова писмо, К. Стоилов му пишува на Ризов на 11 октомври истата година дека го прифаќа неговиот концепт за железниците. Меѓутоа, малку подоцна (на 12 декември 1897) Стоилов му пишува на Ризов да воспостави врска меѓу Револуционерната организација и кнежеското трговско агенство во Скопје! Ризов известува за Винишката афера а на 20 јануари 1898 година му пишува на бугарскиот министер-претседател дека Револуционерната организација се лути за четите што ги испраќа Врховниот комитет во Македонија. Стоилов му одговара дека и тој лично не го одобрува навлегувањето на четите во Македонија. Вели: Турците имаат многу шпиони и знаат сè.[14])

И токму ова време, кога Ризов отпочнува активно да го следи од прва рака растежот на Револуционерната организација во Македонија, ги прави и првите обиди за дисквалификацијата на Ѓорчета Петров, кои подоцна добиваат подрастични обвину-

---

[13] БИА, фонд 178, инв. бр. 8224. Писмо на Ризов до Стоилов, датирано од Скопје со 28 септември 1897. Се бара да се отворат огранки на бугарската национална банка во Скопје, Солун и Битола, и бугарите да се однесуваат кон Македонија со разумна љубов.

[14] БИА, фонд 178, инв. бр. 8228.

вања и напади. Во едно писмо од Скопје, од 18 март 1898 година, можеме да прочитаме:

„На тргање за ваму, јас научив, дека бившиот министер Ѓачо Петров, во компанија со еден голем македонски нерани-мајко, наречен Ѓорче Петров (родум од Прилеп) имале составено некаков си таен македонски комитет, во кој сакале да ангажираат бугарски офицери и по тој начин да си ги дадат сите мангари на една бугарска „Етники Етерија"—". Во истово писмо Ѓорче е поврзан со софиските трговци Браќата Иванови и Наум Туфекчиев. Ризов потаму, во својот извештај кажува дека чул да се говори како „злочестиот Д. В. Македонски бил убиен по заповед на спомнатиот Ѓорче Петров", итн.[15])

Подоцна, Ризов го информира Стоилова за „своите" луѓе. Тоа се: Никола Наумов, неговиот alter ego, кој секогаш можел да го замени, и Тома Карајовов, кој наводно имал одлични контакти со Организацијата. Објаснува Ризов ќе ги фаворизира за службеници на бугарската дипломатска служба, во што ќе успее и ќе ги инфилтрира на осетливи пунктови во органите на македонската емигрантска организација во Бугарија. Ќе му соопшти на министерот-претседател дека во Солун не го „мирисаат" Шопова. Меѓутоа, она што на 22 јуни 1898 година му го пишува на тогашниот бугарски министер за финансии и привременен шеф на министерството за надворешни работи е карактеристично за неговите напади врз личноста на Ѓорчета Петров:

„Благодарение на опстојателството дека софиските полицејски власти им дозволуваат на авантуристи, како што е Ѓорче Петров, да си играат со оган, ние веќе имаме една нова комитаџиска афера во Кратово . . . Впрочем, нека да Ви раскажам во што се состои новата Кратовска афера: Нешто пред две-три недели, Ѓорче Петров од Софија испратил во Македонија неколкумина егзалтирани македонски патриоти, со цел да убиваат луѓе, и, по тој начин да собираат средства за „делото". Како секој „grand homme de affaires petits", Ѓорче не заборавил да ги произведе тие млади луѓе во штаб — офицерскиот револуционерен чин „терористи". Еден од тие браќа, по име Станков, веќе е фатен околу Струмица. Други двајца биле фатени кај Кратово, та ја создале со тоа и Кратовската афера, за која станува збор".[16])

На 12 август 1898 година Ризов му пишува на др Константин Стоилов дека бил во Цариград и од егзархот издејствувал некои преместувања на учители во Македонија. Христо Матов си заминува од Скопје. Тоа го барал Хафиз-паша. Издејствувал да се назначат Христо поп Коцев и Ѓорче Петров за учители во Турција, секаде другаде освен во Скопскиот вилает. Меѓутоа, ова заземање за назначувањето на Ѓорчета за учител во Македонија, има друга позадина. Да го слушнеме личниот коментар на Ризов:

---

[15] БИА, фонд 178, инв. бр. 8230.
[16] БИА, фонд 178, инв. бр. 8235.

„Ова ходотајство произлегува од неопходноста Ѓорче Петров да се мавне од Бугарија, кадешто пречи со својата подземна и весникарска дејност, та да се испрати во еден од оние пунктови на Турција, кајшто би бил безвреден. Околноста што тој беше лани принуден да ја остави Македонија, не го прави незаменливо неговото враќање во Турција (особено во Одринско), зашто Вам Ви се известИ, Господине министре неговите последни врски со Отоманското комесарство во Софија... итн.“ Сепак, на Ризова му рекле во Егзархијата, во Цариград, дека назначувањето на Ѓорчета ќе биде тешко! Меѓутоа, ова е показ на неговата умешност да ги дисквалификува зад грб своите противници, затоа што Ѓорче во првиот број на „Бунтовник“ ја дава за Ризов следната белешка:

„ПОДЛОСТ и ДОБЛЕСТ. По случај осветувањето на бугарската црква во Фенер, летоска, султанот пожелал да ги награди со медали (нишани) владиците, кои присуствуваа на ова осветување. Некои од митрополитите, на чело со Симеон Врачански и Методи Кусев Старозагорски ја имале доблеста да откажат да ги примат медалите. Каков ли шамар тие му нанесоа со тоа на Д. Ризов, којшто отиде да му се преклони пред сенката на нашиот прогонувач и истребувач, да му ја бакнува десницата, онаа десница која е оцапана со толку братска нему крв, и којшто го стави на гради подадениот од таа извалкана рака медал и заради него ги натера скопјани да прават молебствие за султанот, токму во тоа време, кога нивните најмили синови истиот тој султан ги испраќаше на заточеништво“. Вака се провикнува весникот „Автономија“ а ние ќе додадеме: колку пониско стојат од погоре спомнатите старци нашите владици, на чело со Егзархот, кои не само што не се срамат. ами се гордеат со султановите нишани, кои им се дадени во замена за пролеаната бугарска (разбирај: македонска — Г. Т.) крв по време на Ваташката случка!...“[17])

Очигледно, на Ризов, ваквиот однос на Ѓорчета му пречеше. Меѓутоа, веќе не се работи за лична нетрпеливост или омраза, во прашање се принципи, а во одбрана на принципите на револуционерната стратегија Ѓорче е непопустлив. За него, јавниот коментар за постапките на Димитар Ризов не е само вербално надминување, туку принципно прашање за достоинството на оние што себеси се наречуваат толкувачи на народните интереси.

Во 1902 година, во својата расправа „Македонското ослободително дело на бугарска почва“, Ѓорче Петров ќе го дообразложи својот бескомпромисен став кон превртливците, од типот на Димитар Ризов:

„Еден долгогодишен војувач за идеалот, вчера да проповедува револуција а денес да му целува рака на султанот и да си ги кити градите со негов нишан; едновремено да биде пријател и со

[17] в-к „Бунтовник“, бр. 1, декември 1898, стр. 4.

рускиот цар и со султанот и со кнезот бугарски и со револуционерите внатре во Македонија, и на крајот да мисли и верува дека тој е најкорисниот човек на идеалот, дека е вечно прав и чист во помислите и дејствата — тоа зар не е знаменита и оригинална по својот род појава, во однос и на индивидуалната и на општествената психологија?“[18])

Во истата расправа, Ѓорче ќе напише дека „итриот и умен Ризов го заборави идеалот пред сеништето на еден возможен компромис помеѓу македонскиот револуционерен идеал, царската милост на Николај руски, благоволението на Султанот и бугарскиот кнез“. Но, тоа беа Ѓорчевите расудувања за општите претпоставки на револуционерната борба во Македонија, зашто тој знае дека „чисто револуционерната дејност си има своја норма: таа претпостава посебни типови со специјални нрави и морал кои бездруго треба да се осветени и од една светла идеја“.

Ризов, бездруго припаѓа на друго соило, дијаметрално спротивно на типот што Ѓорчевата визија го оцртува.

Но, да се вратиме на релацијата Ризов — Стоилов, за да констатираме уште неколку потребни факти:

На 3 септември 1898 година, др Константин Стоилов, како претседател на бугарската влада, во лично конфеденциално писмо до трговските агенти во Турција, ги изложува своите погледи за Револуционерната организација во Македонија и за односите на бугарските трговски агентства кон неа. Го резимира својот став во две точки: 1) Организацијата е еден факт, кој може да има влијание врз развитокот на бугаризмот во Македонија и бугарската надворешна политика, и 2) Должност им е на нашите трговски агенти да се запознаат со таа Организација, да ги знаат нејзините дејства и да придобијат над неа такво влијание, што да не можат тие да прават ништо спротивно на погледите на бугарската влада.

Стоилов потаму бележи:

„Со жал констатирам, дека во последно време таа организација паднала во нечисти раце и од една установа, која треба да има патриотска цел, станала како една група од разбојници, кои по тој начин си нашле способност да си се прехрануваат и обогатуваат. Некаков си таканаречен „комитет“ со застрашувачки писма барал од Светата Егзархија назначување на извесни лица на одделни должности. Тоа во моите очи е чисто разбојништво и ако кнежевското правителство успее да улови некого од тие разбојници, бидете сигурни дека тој ќе ја почувствува сета строгост на законот за разбојниците. Ние сме тврдо решени да не оставиме да се компромитира едно свето дело од нечестиви раце“.

Потоа, министер-претседателот на бугарската влада им ги дава упатствата на кнежевските агенти, подробно:

[18] в-к „Право“, год. II (1902), бр. 20 и 21, види: Прилог, стр. 5—8.

1) Да ја набљудуваат Организацијата, но строго да пазат да не земат учество во нејзините дејствија, да не станувaат нејзини интелектуални раководители. Тие треба само да ги спроведуваат во живот погледите на Владата.

2) Учебното дело да се пази колку што може подалеку од Организацијата. Тој имал податоци дека турската влада ги знаела сите нишки на Организацијата и чекала погоден момент за да ја ликвидира со еден замав, како при ерменското клање. Турската влада особено многу сака да се ослободи од интелигенцијата.

3) Да пазат Организацијата да не се меша во работите на Духовенството. Престапно би било од страна на Организацијата ако посака да им се наложува со своите погледи и својот начин на дејство —

и — на крајот —

4) Организацијата, напротив, се наоѓа денес во раце сомнителни и досегашните нејзини резултати се само штетни! Тоа ни налага обврска кон неа да се однесуваме со скепса и сомнение, — заклучува Стоилов.

Меѓутоа, само еден месец подоцна, на 5 октомври 1898 година, истиот тој Стоилов му пишува на Ризов во Скопје, дека му праќа 10.000 лева, предназначени за Организацијата, но, таа да се откаже од своите разбојнички дејства на грабеж на пари, собирање на пари со застрашување, одвлекување деца, итн. При тоа Стоилов го бележи и ова:

„Како карактеристика на луѓето, Ви го соопштувам следново: Пред неколку време се јавил г-н Ѓорче Петров кај г-нот министер Белев и му рекол дека добил известување од Македонија, како Вие, спроти една сума од 10.000 лева сте ветиле да ја направите Организацијата орудие на бугарското правителство, дека Вие не сте имале никаква можност да го направите тоа, дека не треба да Ви се даваат парите, затоа што ќе сте ги злоупотребиле. Овие нешта божем му ги соопштил на г-н Ѓорче Петров г-нот Груев“.

На 15 октомври Димитар Ризов му одговара од Скопје на својот претпоставен во Софија, со 44 страници текст. Се пофалува самиот дека е ревносен службеник, дека царот Фердинанд лично му рекол: „Во Вашите рапорти г-не Ризов јас ја гледам Македонија како во кинематограф“. Задржувајќи се на дејноста на бугарските трговски агентства во Турција, Ризов напомнува дека таа се одвива главно во пет насоки: 1) по црковните прашања, 2) по учебното дело, 3) во борбата со туѓите пропаганди, главно со српската и грчката, 4) во дејствата на оние млади луѓе кои не сакаат да ја признаат за вистинита првата половина на француската поговорка „si la jounesse savait, si la veiellsse pouvait“ и 5) во моќното содејство на бугарската влада.

---

[19] БИА, фонд 178, инв. бр. 8242.
[20] БИА, фонд 178, инв. бр. 8243.

Првите три подрачја ги држи Егзархијата, четвртото „младите луѓе" а петтото — бугарската влада. Оттука, според Ризов, нема поврзаност органска меѓу раководителите на тие пет насоки на дејство. Нашите гревови не се ни малку, ни мали, заклучува Ризов, та потаму зборува за наивен индиферентизам на Бугарите кон Македонија по ослободувањето на Бугарија. Тоа е првиот грев. Испуштеното учебно дело е вториот грев. Допуштањето да се поврзат бугарските со српските железници преку Цариброд наместо преку Ќустендил е третиот грев. Пребрзаното соединување на Северна и Јужна Бугарија е четвртиот грев: Македонија останала сама. Петтиот грев: борбата со пропагандите (унијатската или католичката, протестантската, романската, грчката и српската) е доста слаба. Итн. Според Ризов, првите три не се воопшто опасни, меѓутоа последните две (српската и грчката) тој метафорично ги наречува: општествени епидемии, слични на сипаницата. Ризов во ова писмо бара од владата во Софија 10.000 лева за бугаризација на Врање, Гнилање и Паланка.[21])

Треба да се одбележи дека во ова писмо Ризов не се слага со квалификациите на бугарскиот министер-претседател за македонските револуционери, т.е. за дејноста на „младите луѓе", како ги нарекоа во своите писма. Тој пише: „Тие не се разбојници, г-н министре. Тоа е клевета". Тој ги познава, вели, водачите на тие млади луѓе и ја залага за нив својата чест и лојалност! (sic) и бара да се биде во хармонија со нив? а тоа буквално значи: да не дојде ниту бугарската влада, ниту Егзархијата во судир со нив. Не попусто Ризов се потсеќа на поговорката, која Турците почесто ја кажувале: врзи го попот и даскалот, за да биде мирно селото!

Според Ризов, задачите на бугарската влада би биле:

— да ја изгради железничката линија Софија — Куманово,

— да отвори бугарска банка со клонови во Скопје, Битола и Солун, и

— да се прошири задачата на бугарските трговски агентства, та тие да бидат не само Bureaux d'information, туку и Bureaux d'aktion.

Кон почетокот на декември 1898 година, Ризов го добива од Стоилов строго поверливото писмо на г-н др Д. Станчев, кнежески дипломатски агент во Петроград, во кое се вели како руската влада смета дека македонското население не се држи до советите што идат од Бугарија т.е. „да не се дејствува", туку тие си работат сосема одделно и независно од Бугарија и дека со време тие можеби дури ќе се решат да отидат и во крајност![22])

Не знаеме какви поуки од сето ова извлекува Ризов, но, судејќи според она што го читаме подоцна во Спомените на Иван Мештровиќ за времето околу Балканската војна, тој во часови на сентименталните разнежености се обидувал да се доближи до

---

[21] БИА, фонд 178, инв. бр. 8244.
[22] БИА, фонд 178, в. В II 8246.

обективната вистина и да говори дека Македонците не се ниту Срби, ниту Бугари, туку само Македонски Словени.[23]) А пред тоа, пак во едно писмо од 1899 година, откако ќе поднесе оставка на својата дипломатска служба, ќе напише:

„Македонија ќе му припадне еден ден не на тој што ќе ѝ даде повеќе владици и повеќе училишта, туку на оној, којшто ќе ѝ ја даде слободата".[24])

6.

Така постапуваше Ризов, судејќи по архивските материјали што ги презентиравме тука, додека пак Ѓорче, со длабока смисла да се носи умешно со противниците на македонското револуционерно дело, успеа благовремено да се дистанцира од погубното влијание на овој посредник меѓу бугарската влада и ВМРО.

Ѓорче Петров проникнува брзо во разбивачките обиди на Ризов та ги алармира и останатите свои другари од Централниот комитет на ВМРО. Ризов, Карајовов и Николаев го наговоруваат да се премавне Даме, знаејќи оти тој игра важна улога во Солун. На молбата на Ѓорчета да му се помогне при составувањето на Уставот на ВМРО, Ризов и Љапчев се оглушуваат. Еве што ни кажува за тоа најодредено Ѓорче:

„Најсилен поттик, за да се засили работата за отворање на трговски агентури во Македонија, беше тоа, што Егзархијата подѕираше во нашата Организација опасен непријател, којшто ќе го разруши сето егзархиско дело" и продолжува:

„За да може да се спречи опасноста од Револуционерната организација, се отворија агентури, за да нѐ задржуваат и да нѐ парализираат. За оваа цел ставија во агентурите луѓе, блиски до делото: Ризов, Наумов, Карајовов — за да нѐ парализираат. Ризов играше дволична улога — од една страна, како познат на нашите таму, се зближи со нив и сакаше да им даде да разберат дека тие без бугарската влада ништо не можат и дека ако таа се објави против Организацијата во Бугарија, и таму, преку нив, агентите, може да ја уништат. Како пријател на делото и на повидните дејци, тој ги предлагал своите услуги за да ја отстранува оваа опасност, при услов неговите совети да се слушаат и внатре (т.е. во Македонија — Г. Т.) и оти дејноста на Организацијата ќе се води во таа насока, за која тој смета дека е добра. За да игра поголема улога, Ризов уште тука беше подејствувал јас да не останам во Бугарија, да не стојам тука во Софија, ами да отидам во Одрин. Тој беше уредил во Егзархијата така, што Даме да биде преместен во Сер, за да не биде во Солун а Пере Тошев да биде

---

[23] Ivan Meštrović: Uspomena na političke ljude i događaje. Zagreb 1969, str. 26-ta.

[24] БИА, фонд 178, II В 8146.

во Солун. На последниов сметаше, бидејќи беше во лично пријателство. Од друга страна, пред владата Ризов се застапуваше за нашата кауза ја истакнуваше во пошироки размери нашата вредност и сила и ја претставуваше Организацијата за сила во земјата, итн. но — даваше да се разбере, оти тој ќе соумее да ја крепи положбата како агент на бугарската влада и како близок со Револуционерите. Тој општеше и со кнезот. Тој имаше дадено одлични рапорти за нашата Организација, главно за да се претстави како неопходно потребен. Инаку Ризов, како агент на бугарската влада, нарочно пред турските власти, најдобро се држеше од сите".[25])

Овој коментар на Ѓорчета, најдобра карактеристика е за улогата на Ризов и што е поважно, сосема се поклопува со она што Ризов го чини низ своите доверливи извештаи до бугарската влада.

Раскинот на толеранцијата помеѓу Ѓорчета и Ризов настапува, откако Стоилов, како претседател на бугарската влада е решен да преземе против „непослушните", т.е. против двајцата задгранични претставници на ВМОРО (Гоце Делчев и Ѓорче Петров) строги мерки. Ѓорче за ова бележи:

„Дојде прашањето меѓу владата и нас до отворено спротивставување. Стоилов беше спремен мене и Делчева да нè затвори. Од ЦК на ВМОРО му се сугерираше дека слична постапка ќе се смета како посегнување кон Организацијата и дека него лично ќе го држат одговорен. Ризов беше одреден да посредничи, за да се изглади овој конфликт. Беше натоварен од Стоилов со оваа мисија. Стоилов сакаше отворено да излеземе и против Врховниот комитет, а пак јас и Делчев ја теравме работата така, што сосема немавме намера да му ја исполниме оваа желба на Стоилов. Воопшто, со еден збор, станавме непријатели.

Ризов, како посредник, натоварен од Стоилов, нарочно оди од Скопје во Солун, за да изјави дека владата нема ништо против Организацијата, ами дека биле само против мене лично лошо настроени! За доказ на оваа благонаклонетост на владата, се ветил, дека ќе даде направо на ЦК на ВМОРО помош од владата во износ од 20.000 лева и уште тогаш предложил во готово 6.000 лева. ЦК долго откажуваше, но Ризов настојуваше поради него, лично, да ги примат барем овие 6.000 лева, до колку се откажуваат од друга помош. Преку тоа прашање се протуркуваше идеја, врските на владата со Организацијата да стануваат направо, внатре, преку агентите во Македонија. Тоа беше желбата на Стоилов. Нашите, таму беше и Пере Тошев, најпосле примија 6.000 лева, но помошта од 20.000 лева ја отфрлија. Обратно, по тоа прашање и ние тука во Софија (тој и Делчев — Г. Т.) и во Солун, Централниот комитет, утврдивме одредена положба: Организацијата да општи во Бугарија со владата и воопшто со сите надворешни фактори, но само преку нас, претставниците. Овој принцип, установен

[25] Спомени на Ѓорче Петров, Скопје 1950, второ издание, види стр. 75—78.

тогаш за првпат, си остана како принцип на Организацијата. Јас во многу случаи го подвлекував тука овој принцип, за да го разберат, а и во Солун, другарите се придржуваа веќе строго до него.

По ова посредништво на Ризов, ние со Стоилов веќе не се сретнавме".[26])

Како што е познато, ВМОРО во текот на 1898 година успеа да ја придобие за себе македонската интелигенција. За таа цел, назначувањата на учителите по егзархиските школи го сметаше за важен проблем, во кој што треба да има целосен увид директно Организацијата. Ѓорче Петров е ополномоштен од името на Организацијата да води преговори со Егзархијата во Цариград за оваа цел. Меѓутоа, и овдека како пречка се исправи Димитар Ризов. Тој доаѓа во Цариград, непосредно пред Ѓорчета (во 1898 година) и се претставува како претставник на Врховниот комитет од Софија и како задолжен од бугарската влада да поднесе список за назначување на учители. Тогаш Ризов го поставил барањето Даме да се премести од Солун а Ѓорче од Софија во Одрин.

„Егзархот ми го претстави овој список, но јас реков оти не го признавам, бидејќи само ЦК има право да прави такви списоци а не Врховниот комитет. Тогаш разбра егзархот дека јас не стојам добро со Ризов, така што тогаш егзархот почна преку Селџобалиев да ме поднаговорува да сум примел да ме назначат во Скопско за инспектор, за да ги парализирам дејствијата на Ризов. Егзархот не го милувал Ризова и тој го примил само по должност, но внатрешно тој се плашел да не би Ризов се истакнува многу и да не ја парализира улогата на Егзархијата . . . Воопшто, Ризов во очите на егзархот, како агент, беше непријатен и тој се плашеше од неговата дејност. Затоа, фактот што јас му го оспорував правото на Ризов и на Врховниот комитет да се мешаат во учебното дело во Македонија, всушност ѝ беше пријатен на Егзархијата, така што се осмелија да ми предлагаат отворено да го парализирам Ризова во Скопско: „Кој знае што работа ќе врши тој итрец!" — рече Селџобалиев. „Неговото блаженство веднаш би те назначил". Многу го обвинуваа Ризов дека е способен да ја поткупува Егзархијата, главно со својот авторитет на агент на бугарската влада. Егзархот многу се стегаше за своите права и во однос на бугарската влада. Во Стоилов се гледаше, дека еден од мотивите за да праќа агенти беше навистина стравот од нас, но и стравот дека Егзархијата може да ја заведува бугарската влада. Егзархот затоа секогаш лошо ги третираше сите чиновници што му беа натрапани од бугарската влада".[27])

---

[26] Спомени на Ѓорче Петров, Скопје 1950, второ издание, види стр. 75—78.
[27] Спомени на Ѓорче Петров, Скопје 1950, второ издание, види стр. 76—77

* * *

Со прилогов „Ѓорче Петров и Димитар Ризов“ — бездруго е јасно дека таа тема ниту е доврешена, ниту пак е исцрпена! Авторот на прилогов настоеше да фрли светлина врз едно доста занимливо поглавје од животот на Ѓорчета Петров, врзувајќи го тоа со педесетгодишнината од неговата смрт (1921—1971). И — да продолжи и потаму со проучувањето на неговиот животен пат и општествено-револуционерна дејност.

Gane TODOROVSKI

## GJORČE PETROV and DIMITAR RIZOV

### (Summary)

The article discusses the relations between Dimitar Rizov and Gjorče Petrov and the attempts of the Bulgarian Goverment to infiltrate its own poeple in the Internal Macedonian Revolutionary Organization (IMRO), in order to dictate the movement. However, it was the resistance of Gjorče Petrov which showed public that D. Rizov had acted against the unity of IMRO. It succeded to save the independance of the organization among the contemporary foreing influences.